РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Ул. „ Димитрие Чуповски " бр.13
1000 Скопје
Република Македонија

**тел.:** +389 2 32 89 200
**факс:** +389 2 24 611

contact@aec.mk

# З А П И С Н И К

Од десетиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации одржан на 25.08.2011 година со почеток во 18:00 часот

Десетиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 25.08.2011 година во просториите на Агенцијата за електронски комуникации.

На состанокот присуствуваа:

1. Претседател на Комисијата г-ца Гордана Ивановиќ
2. Членот на Комисијата г-н Петар Есмеров,
3. Членот на Комисијата г-н Горан Велинов,
4. Членот на Комисијата г-н Славе Веловски,
5. Членот на Комисијата г-н Газмент Ајдини,
6. Директорот на АЕК г-н Роберт Орданоски,
7. Соработникот за правни работи во својство на записничар г-ѓа Бојана Стефановска;

На состанокот беше предложен и усвоен следниот дневниот ред:

1. Усвојување на записникот од деветтиот состанок на Комисијата на АЕК оддржан на 20.06.2011г. и усвојување на дневниот ред;

   Записникот и дневниот ред беа едногласно усвоени;

2. Разгледување и усвојување на извештајот за работењето на АЕК за вториот квартал за 2011 година;

   Извештајот за работењето на АЕК за вториот квартал за 2011 година беше презентиран од страна на директорот на АЕК и тоа одделно по сектори. Особено внимание се даде на моменталната состојба на новиот објект на Агенцијата како и проблемите со кои се соочивме во текот на изградбата. По ова истиот беше едногласно усвоен од Комисијата на АЕК;

3. Разгледување и усвојување на Правилникот за службена работна облека;

   Беше дадена согласност за донесување на ваков вид на Правилник во Агенцијата.

4. Барање на согласност за измена на Годишниот план за јавни набавки за 2011 година;

   Беше дадена согласност за ваква измена и истиот беше потпишан.

5. Давање на согласност за спроведување на постапка за вработување во АЕК пред агенцијата за привремени вработувања;

   Не беше дадена согласност.

6. Донесување на одлука за отпис на побарувања по основ на ликвидација и стечај на правни субјекти;

   Врз основа на поднесени тужби со предлог за издавање на платен налог поднесени од Агенцијата за електронски комуникации против корисниците за радиофреквенции кои не ја измириле обврската – годишен надоместок за користење на радиофреквенции и против корисниците на скратени броеви кои не ја измириле обврската-годишен надоместок за користење на скратен број и врз основа на добиени решенија од судовите, заклучоци од извршители и известувања од Централниот Регистар на РМ, од кои може да се утврди непостоење на правна основа за неплатливост на побарувањата, беше предложено да се донесе одлука за отпис по што беше дадена согласност за носење на ваква одлука.

7. Барање на согласност за спроведување на јавна набавка со преговарање без објавување на оглас за набавка на комплет опрема за проширување на Контакт Центарот на АЕК;

   Беше дадена согласност за спроведување на ваков вид на постапка;

8. Барање на согласност за спроведување на јавна набавка за избор на најповолен понудувач за агенциски услуги за обезбедување на имот и лица за потребите на АЕК;

   Беше дадена согласност за спроведување на ваков вид на постапка;

9. Барање согласност за спроведување на отворена постапка за набавка на екстра лесно гориво за греење на објектите на АЕК;

   Беше дадена согласност за спроведување на ваков вид на постапка;

10. Барање на согласност за спроведување на постапка за прибирање на понуди без објавување на оглас за набавка на клима уреди во АЕК

    Беше дадена согласност за спроведување на ваков вид на постапка;

11. Барање согласност за спроведување на јавна набавка со прибирање на понуди без објавување на оглас за услуги за чистење на објектите на Агенцијата за електронски комуникации;

    Беше дадена согласност за спроведување на ваков вид на постапка;

12. Разно.

    Под разно Комисијата даде согласно за склучување на Договор за донација откако утврди дека е пристигнато Решение од Министерство за правда со кое се потврдува дека станува збор за донација од јавен интерес во областа на културата како јавна дејност.

Состанокот заврши во 19:30 часот.

Гордана Ивановиќ, Претседател

Петар Есмеров, член

Горан Велинов, член

Славе Веловски, член

Газмент Ајдини, член